Врз основа на член 45 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), а во врска со член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22 и 207/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 декември 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКА НА СВЕЖО ОВОШЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

I

Во Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/23) во делот I став (2) во воведната реченица износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „32.000.000,00“.

Во табелата во мерката 1 износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „32.000.000,00“.

Во „Вкупно“ износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „32.000.000,00“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „32.000.000,00“.

Во табелата во подмерката 1.1. во колоната „Корисници на подмерката и висина на финансиска поддршка“ во точката 2 износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „32.000.000,00“.

III

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.41-13495/3
22 декември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.